# Г Р А Д   С К О П Ј Е

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за комунални работи**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за комунални работи**

## П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

Скопје, Август 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36, а во врска со член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ број 5/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија “ број 79/09), Советот на Град Скопје на __________ та седница, одржана на _______2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Град Скопје го прифаќа предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, паркинг простори, спортски игралишта, летна сцена, хортикултурно уредување и озеленување на паркова површина на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска.

**Член 2**

Вкупната вредност за реализација на меѓуопштинската соработка од членот 1 на оваа одлука, изнесува 30.000.000,00 (триесетмилиони) денари со вклучен ДДВ.
Град Скопје во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со средства во висина од 30.000.000,00 (триесетсетмилиони) денари, со вклучен ДДВ, обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година и тоа за партнерно уредување од подпрограма ЈДА 482130 со 15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари и за озеленување од подпрограма ЈМ0 482930 со 15.000.000,00 (петнаесетмилиони) денари.
Општина Карпош во остварувањето на оваа соработка ќе учествува со решавање на можните имотно-правни спорови и издавање за сите потребни дозволи пред започнување на изведбата.

Средствата од ставот 2 на овој член ќе се користат исклучиво за намената од член 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредуваат градежни работи од ваков тип и работите предмет на оваа одлука ќе ги изведат ЈП Улици и Патишта – Скопје и ЈП Паркови и зеленило - Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор со градоначалникот на Општина Карпош во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје”.

Број 27-
_________2023 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје, а со член 14 од истиот закон, утврдено е дека во вршење на своите надлежности, општините можат меѓусебно да соработуваат.

Таквата начелна можност е подетално разработена во Законот за меѓуопштинска соработка (“ Службен весник на Република Македонија “ бр. 79/09). Една од можностите, што е определена со член 4 од Законот, е правото на општините и Град Скопје да можат да здружуваат финансиски, материјални и други средства за реализација на заеднички проекти при извршувањето на своите надлежности.

Поаѓајќи од таквата можност, а по претходно утврдена потреба, за воспоставување на соработка помеѓу градот Скопје и општината Карпош, за уредување на девастираниот простор кој се наоѓа на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош со што ќе се овозможи активно користење на зелените површини и транзитирање на овој простор од страна на граѓаните на градот (пешаци и велосипедисти).

Врз основа на проценка извршена од страна на изработувачот на проектната документација, констатирано е дека за реализација на партерно уредување-геодетски снимања, изработување на проектна документација, расчистување на теренот и изградба на пешачки површини, спортски игралишта и паркова површина во Општина Карпош на просторот помеѓу помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска потребни се 30.000.000,00 (триесетмилиони) денари со вклучен ДДВ.

Средствата потребни за реализација на оваа одлука, Град Скопје се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

Врз основа на горенаведенето, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош за партерно уредување и озеленување на просторот помеѓу реката Вардар и Бул.Илинден на потегот со улица Никола Парапунов и улица Љубљанска во Општина Карпош.